**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр. 1303-83/9**

**Скопје, 13.02.2007 година**

**ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА СТОПАНИСУВАЊЕ СО ОБЈЕКТИ ЗА СПОРТ ВО СОПСТВЕНОСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Јавното претпријатие за стопанисување со објекти за спорт во сопственост на Република Македонија Скопје ( во понатамошниот текст Јавно претпријатие) за 2005 година, кои се прикажани на страните од 22 до 25.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 8 од Законот за државната ревизија.

3. Извршена е ревизија на материјалните средства и е издаден извештај за ревизија на материјалните средства на Јавното претпријатие за стопанисување со објекти за спорт во сопственост на Република Македонија Скопје, за 2001 година. За годината 2004 која и претходи на годината што е предмет на оваа ревизија не е вршена ревизија на финансиските извештаи.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој Конечен извештај, претставуваат одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од:
   - Аљиљ Паљоши - директор од 14.11.2002 до 05.05.2005 година
   - Сами Беслими - директор од 19.05.2005 до 29.08.2006 година

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој Конечен извештај, прикажан на страните 1 до 22, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е планирана и извршена во периодот од 23.10.2006 до 15.12.2006 година.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 е да овозможи ревизорот да го изрази мислењето:
   - дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

*ул: "Маршал Тито" - 12/3*
*Палата Македонија - Скопје*
*тел:3211-262, факс:3126-311*

9. Ревизијата е извршена во согласност со Стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната организација на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој Конечен извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека спроведената ревизија ни обезбедува разумна основа за изнесеното мислење.

10. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2005 година дадени како составен дел на овој Конечен извештај, ревизијата го утврди следното:

10.1. **Неправилна примена на акти**

10.1.1. Владата на Република Македонија на ден 25.01.2000 година, со Одлука број 23-71/1 го основа јавното претпријатие за стопанисување со објектите за спорт во сопственост на Република Македонија, но во истата, основачот не врши точно определување и специфицирање на објектите за спорт со кои претпријатието ќе стопанисува/користи, не наведува дека од денот на основањето на јавното претпријатие престануваат да постојат работните организации и здруженија на граѓани кои стопанисувале со објекти за спорт во сопственост на Република Македонија, и не наведува дека вработените во тогашните работни организации своите права и обврски од работниот однос ќе ги остваруваат во јавното претпријатие со превземање од денот на неговото основање. Погоре наведеното предизвикува неможност од запишување во јавните книги на спортските објекти дадени за стопанисување. Јавното претпријатие неколку пати доставило писмени барања до Владата, за дефинирање на објектите дадени на стопанисување, и за допрецизирање на останатите прашања од страна на основачот, но до денот на ревизијата нема добиено писмен одговор.

10.1.2. Според одлуката за основање, членот 64 од Законот за спорт, членот 7 од Статутот Јавното претпријатие и согласно образец 3 од Регистерска влошка број 02027042-7-09-000 од 13.04.2000 година, издадена од Регистерскиот суд во Скопје, јавното претпријатие е регистрирано за извршување на следните дејности: инвестиционо тековно одржување на објектите за спорт; користење на објектите за спорт од субјектите во спортот и други субјекти; утврдување на висината на закупот, односно склучување на договор за закуп на делови на објекти што не се во функција на спортот и планирање и изградба на нови објекти за спорт. Но вршењето на дејностите инвестиционо и тековно одржување, најчесто е препуштено на закупувачите врз основа на склучени договори за закуп на спортски објекти со времетраење на закупот и до 30 години, при што за сметка на извршените работи се врши намалување на месечните закупнини. Вршењето на овие активности не секогаш е проследено со уредна и веродостојна докуметација за: фактичи извршените инвестициони и градежни работи, согласност на закуподавачот за отпочнување на градежните работи, и технички прием на објектите. Од почетокот на своето работење, јавното претпријатие склучува договори за закуп за

цели спортски објекти, а не закуп на делови од објектите што е спротивно на определените дејности во законот и интерните акти. Погоре наведеното, придонесува и овозможува стекнување на имотно правна корист на поединци, нанесување на материјална штета на јавното претпријатие и необезбедување на заштита на имотот на државата.

10.1.3. На седницата одржана на ден 07.07.2003 година, е конституиран управниот одбор, и е изготвен записник број 03-1284/1. Во текот на 2005 година, не се изготвени, потпишани и архивски заведени записници од седниците на управниот одбор. Директорот на јавното претпријатие до Владата на Република Македонија, доставил два меморандуми и тоа, едниот заведен под број 03-826 на ден 16.06.2004 година и заведен под број 03-651 од 25.05.2005 година, со барање „Владата да превземе мерки и да изврши менување на некои членови од управниот одбор, бидејки истиот од последната одржана седница, односно од ден 23.01.2004 година нема повеќе заседавано“. Но до донесувањето на решението број 33-4573/1 од 22.09.2006 година кога се именуваат членови на новиот управен одбор, Владата не постапила по барањата од 2005 година. Не функционирањето на управниот одбор има за ефект навремено надминување на проблемите и непревземање на мерки кои се потребни и корисни заради постигнување на целите на јавното претпријатие.

10.1.4. Владата на Република Македонија на ден 30.12.2002 година со Решение број 17-6837/1 именува членови на одборот за контрола на материјално-финансиско работење на јавното претпријатие, но истиот никогаш не одржал конститутивна седница, и нема изготвено извештај за прегледување на годишните сметки и извештај за работењето на јавното претпријате со давање на мислење, од 2002 до 2005 година, што е спротивно на член 27 од Законот за јавни претпријатија. Заради неостварувањето на дадените обврски и надлежности на одборот за контрола, односно без дадено позитивно мислење, Управниот одбор не може да ги усвои годишните сметки и извештаите за работење, а Министерството за финансиии и министерот надлежен за работите на соодветната дејност, не се известени за состојбите на јавното претпријатие на начин предвиден во Законот.

10.1.5. Управниот одбор, за деловната 2005 година нема донесено програма за работа и развој (инвестициона програма) што е спротивно на член 11 од Законот за јавни претпријатија и член 26 од Статутот на јавното претпријатие. Непревземањето на активности за изработка на наведените програми, нивно донесување и обезбедување согласност од страна на основачот на Јавното претпријатие придонесува да се оневозможи учество во управувањето и одлучувањето во јавното претпријатие од страна на основачот, а работењето да се одвива стихијно.

10.1.6. Управниот одбор со одлука број 02-1454/1 од 03.10.2005 година одобрува расход и отуѓување на пет лесни моторни возила кои според одлуката не се во возна состојба - се неисправни, и тоа: произведено во 1987 година-Застава тип 128/1100, произведено во 1996 година – Хјундаи Тико СЛ, и произведено во 1990 година- Застава тип Југо корал 45, и две произведени во 2000 година и тоа Хјундаи Акцент тип „1.3 ГЛ и Шкода Фелиција тип ЛХ/1.9 Д. Воедно управниот одбор донел и одлука за расходување на основни средства, со ист број и иста дата

како погоре наведената, но за расходување и отуѓување на три возилата, содржани во претходно споменатата одлука, и тоа за возилата произведени во 1987, 1996 и 1990 година. Ревизијата не можеше да ја утврди причината за донесување на две одлуки за расход со ист број и дата, но со различен број на возила за расход и отуѓување. Со донесувањето на одлуки за расход и отуѓување во услови на неизвршениот попис на постојаните средства за 2005 година, е постапено спротивно на член 15 точка 3 од Правилникот за начинот и роковите на вршење попис и усогласување на сметководствената со фактичката состојба, бидејки без утврдување на фактичката состојба по попис и изготвен извештај, органот на управување не може да решава за расходување на дотраените и неупотребливи средства. Ваквата состојба предизвикува ненаменско и незаконско користење на средства, утврдено во точка 10.4.1. од овој Конечен извештај.

10.1.7. Управниот одбор донел ценовник за услуги во спортските објекти (сали, стадиони и базени) по подружници, заведен под број 05-887 на ден 15.05.2001 година, за различни намени и тоа: за натпревари од страна на клубови и репрезентации, за индивидуална рекреација, за закуп на деловен простор, и за закуп на рекламен простор, со напомена дека договорно се утврдуваат цените за: куп и меѓународни натпревари, спортски и комерцијални манифестации, реклама за една манифестација, две или повеќе реклами, и рекреација за претпријатија. На ден 09.10.2003 година, управниот одбор донел одлука број 02-1764/1 за давање согласност за употреба на ценовникот на услуги во спортските објекти, пред добивање на согласност од Владата на Република Македонија но само во делот за меѓународни натпревари и репрезентации, за домашно првенство – натпревар и за рекламен простор од еден натпревар со која ги пречекорува своите надлежности што е спротивно на Законот на јавните претпријатија и Статутот на јавното претпријатие. Ценовникот за услуги од 2001 година, управниот одбор го доставува со писмо број 03-2070 од 25.11.2003 година до Агенцијата за млади и спорт за давање мислење по истиот и со писмо број 03-2071 од 26.11.2003 година до Владата на Република Македонија за давање на согласност на истоит. До денот на вршењето на ревизијата јавното претпријатие не добило мислење, односно не добило согласност од основачот, што е спротивно на член 11 од Законот за јавни претпријатија. Сето погоре наведено придонесува кон субјективен пристап при определување на цените за услугите, и можност од работење на штета на јавното претпријатие особено при потпишувањето на договори за закуп на спортски објекти по минимални цени, со рок на важење и до 30 години.

10.1.8. На ревизијата е дадена на увид, пријава на овластени лица за располагање со средства на сметката кај Комерцијална банка АД Скопје издадена на ден 13.12.2002 година, според која овластено лице за потпишување, односно работење со сметката е директорот именуван од Владата на Република Македонија со Решение број 17-5667/1 од 14.11.2002 година, а разрешен со Решение број 33-1770/1 од 05.05.2005. Од тогаш, односно од ден 19.05.2005 година кога е именуван друг директор со Решение од Владата на Република Македонија број 33-1996/1 до денот на вршење на ревизијата, јавното претпријатие своето работење го остварува без постоење на акт за назначување на овластен потписник, односно работи без лице овластено за располагање со средствата на сметката, што е

спротивно на Законот за јавни претпријатија, Законот за трговски друштва и Законот за платен промет. Ваквата состојба предизвикува, извршување на платниот промет преку благајната, во готово, а не преку носителот на платниот промет што овозможува незаконско и ненаменско користење на средствата.

10.1.9. Јавното претпријатие воспоставило пракса на исплата на заостанатите нето плати во готово преку благајната, со нивна евиденција во дел од позицијата останати побарувања од вработените и останати неспоменати краткорочни побарувања, на име аванси за нето плати и тоа во износи, за кои не постојат критериуми за износот и динамиката на нивната исплата по вработен, што е спротивно на Законот за платен промет. Ваквата состојба предизвикува неплаќање на придонесот за пензиско и инвалидско осигурување, на даноците и придонесите на име нето плати што е спротивно на член 180 став 10 од Законот за пензиско и инвалидско осигурување и значи потценување на приходите на Буџетот на Република Македонија и фондовите.

10.1.10. Јавното претпријатие во сметководствената евиденција на име обврски за данок на додадена вредност и персонален данок искажале обврска во вкупен износ од 9.521 илјади денари и тоа како што следува:

- данок на додадена вредност во износ од 6.040 илјади денари и истиот се однесува на 2004 и 2005 година ;
- персонален данок во вкупен износ од 3.481 илјади денари (од нето плати во износ од 2.952 илјади денари кои потекнуваат од 2002 .... 2005 година, по договор за дело во износ од 420 илјади денари и за надомест за членови на управен одбор во износ од 109 илјади денари);

и истите до известувачкиот датум не се платени, што е спротивно на одредбите од Законот за данокот на додадена вредност и Законот за персоналниот данок на доход. Непочитувањето на одредбите од наведените законски акти и непревземањето на мерки и активности за плаќање на наведените даноци предизвикува потценување на приходите на Буџетот на Републиката за годината за која субјектот имал обврска да ги уплати соодветните даноци.

10.1.11. Јавното претпријатие во сметководствената евиденција на име обврски за придонеси од плати искажале обврска во вкупен износ од 11.690 илјади денари кои потекнуваат од 2002 ..... 2005, година и тоа како што следува:

- придонес за пензиско и инвалидско осигурување во износ од 7.864 илјади денари;
- придонес за вработување во износ од 3.065 илјади денари;
- придонес за здравствено осигурување во вкупен износ од 595 илјади денари;
- дополнителен придонес за здравствено осигурување во износ од 166 илјади денари;

Неплаќањето на пресметаните придонеси на име плати е спротивно на одредбите од Законот за пензиско и инвалидско осигурување, Законот за здравствено осигурување и Законот за вработување. Непочитувањето на одредбите на наведените законски акти и непревземањето на мерки за плаќање на придонесите од плати предизвикува потценување на приходот на фондовите каде се

уплатуваат придонесите за годината за која претпријатието имало обврска да ги уплати придонесите.

10.1.12. Јавното претпријатие на ревизијата и презентираше Одлука за утврдување на висината на нето платите на директорот на претпријатието и на заменикот на директор на претпријатието, заведена под број 02-928/1 на ден 01.07.2005 година, донесена од Управниот одбор, со која се врши зголемување на платите на директорот и неговиот заменик, и тоа зголемување на платата на директорот од 28 илјади денари на 46 илјади денари, а на заменик директорот од 24 илјади денари на 36 илјади денари. На име месечна плата во која е вклучено и погоренаведеното зголемување на платите на директорот и заменик директорот без соодветен писмен акт од Владата на Република Македонија, извршена е исплата во нето износ од 1.393 илјади денари. На ревизијата не и беше презентиран соодветен акт донесен од надлежен орган за утврдување на платата на директорот и неговиот заменик, што е спротивно на член 2 од Законот за платата и другите надоместоци на пратениците во Собранието на Република Македонија. Непочитувањето на одредбите од наведениот закон придонесува исплата на плата која не е утврдена од надлежно тело при Владата на Република Македонија, надминување на надлежностите од страна на управниот одбор.

10.1.13. Јавното претпријатие во своето работење не обезбедило доследно почитување на одредбите на Законот за јавните набавки бидејќи не извршило навремено формирање на орган/комисија за спроведување на постапката за набавка, не донело финансиски план, односно инвестициона програма за 2005 година, кое ќе овозможи претходно планирање и обезбедување на средства, не е донесен план и програма за јавни набавки со што би се утврдил граничниот износ за секоја пооделна потребна набавка, не изготвило регистар за извршените јавни набавки во 2005 година, и нема интерен акт/правилник за набавки од мала вредност што е спротивно на член 10, член 11, член 12, член 17, и член 72 став 4 од наведениот закон.

10.1.14. Директорот на јавното претпријатие донел решение број 04-1177/1 од 25.07.2005 година за утврдување на платата на вработениот А.Р. на работно место советник во кабинетот на генералниот директор, во износ од 5 илјади денари. Решението е донесено врз основа на изјава од вработениот број 03-117 од 25.07.2005 година во која е наведено дека „поради здравствени причини не сум во состојба редовно да доаѓам на работа и се согласувам да ми се исплаќа паушал во износ од 5 илајди денари“. Утврдувањето на плати за недоаѓање на работа, во паушален износ е спротивно на Законот за работни односи. Ваквата состојба предизвикува пречекорување на надлежностите на директорот и незаконска и ненаменска исплата на средствата во износ од 96 илјади денари, на име аванси за нето плати, како и надоместоци за храна и превоз како да вработениот доаѓал на работа.

**Препораки и мерки:**

1. Основачот да превземе активности и да донесе акти со кои точно ќе се определат сите спортски објекти кои му се даваат на стопанисување на јавното претпријатие.

2. Јавното претпријатие да превземе мерки и активности за насочување на своето работење кон остварување на дејности пропишани со одлуката за основање, законските и интерните акти, со цел остварување на јавен интерес, и оневозможување стекнување со имотна корист од страна на поединци на сметка на имотот на државата.

3. Основачот да превземе мерки и активности за надминување на состојбите кои предизвикуваат нефункционирање на управниот одбор и одборот за контрола на материајно-финансиското работење, и да обезбеди негово работење за да се остваруваат нивните законски пропишани надлежности.

4. Да се превземат активности за донесување на инвестициона програма за тековната година, за да се оневозможи стихијно извршување/работење, надвор од контрола на основачот.

5. Да се превземат мерки и активности за вршење на годишен попис и само врз основа на истиот изготвен извештај, органот на управување да донесува одлука за расход и отуѓување на одредени средства.

6. Да се превземат мерки и активности за донесување на ценовник на услугите на кој основачот ќе даде согласност, со што ќе се обезбеди остварување на приходи по овој основ на начин определен од основачот.

7. Надлежните органи да донесат акт за назначување на лице овластено за располагање со средствата на сметката, со што би се обезбедило работење преку носителот на платниот промет, а со тоа законско и наменско располагање со средствата остварени од работењето на јавното претпријатие.

8. Да се прекине практиката за исплата на нето платите на име на аванси, без постоење на соодветни критериуми и динамика за исплата на истите, и да се обезбеди исплата на нето плати со истовремено плаќање на даноците и придонесите од плати.

9. Јавното претпријатие во соработка со основачот да превземе соодветни активности и мерки кои ќе резултираат со соодветен план и програма за подмирување-плакање на неплатените обврски од поранешни и тековната година на име, данок на додадена вредност, персонален данок на плати, и од надоместоци, придонес за пензиско и инвалидско осигурување, придонес за здравствено осигурување и придонес за вработување.

10. Јавното претпријатие да воспостави политики и процедури, со кои во моментот на пресметување и исплата на нето платите ќе изврши плаќање на законски утврдените даноци и придонеси од плати, односно плакање на јавните давачки во законски утврдените рокови.

11. Управниот одбор на претпријатието да постапи во согласност со одредбите на Законот за јавните претпријатија и ги донесе потребните акти за утврдување на платата и надоместоците на определени матријални трошоци.

12. Да се обезбеди донесување на интерни акти заради создавање услови за почитување на одредбите од законот за јавни набавки.

13. Да се прекине практиката да директорот на претпријтието, донесува одлуки за определување на висината на нето платите на вработените во паушален износ, и да не се врши исплата на надоместоци за храна и превоз и кога вработениот не е на работа.

10.2. **Неправилна примена на сметководствени политики и начела**

10.2.1. Надлежните органи на јавното претпријатие не превземале соодветни активности за пропишување и донесување на Сметководствени политики, кои ќе бидат усогласени со секој МСФИ кој е на сила на известувачкиот датум, а се основа за подготовка на финансиските извештаи односно неговите први финансиски извештаи подготвени според МСФИ, односно да се осигурат дека финансиските извештаи обезбедуваат информации релевантни и веродостојни за потребите за донесување на одлуки од страна на корисниците, што е спротивно на член 469 од Законот за трговски друштва, точка 20 од Меѓународниот сметководствен стандар МСС 1 - Презентирање на финансиски извештаи и точка 7 од Меѓународниот стандард за финансиско известување МСФИ 1 - Првично усвојување на Меѓународните стандарди за финансиско известување. Непочитувањето на наведените законски акти и МСС предизвикуваат финансиските извештаи на претпријатието да не бидат изработени согласно на барањата утврдени во стандардите што влијае на релевантноста и верододстојноста на информациите кои ги обезбедубаат финасиските извештаи.

10.2.2. Јавното претпријатие не превземало мерки и не воспоставило сметководствени политики за евиденција на оврските по издадените судски извршни решенија, односно решенија за присилна наплата, од надлежните судови, што е спротивно на Законот за трговски друштва и МСС. Ваквата состојба предизвикува јавното претпријатие да нема увид во вкупните обврски по овој основ, како и неможност од следење на динамиката на нивното извршување. Односно се оневозможува планирање и обезбедување на паричните средства, за плаќање на обврските кон физичките и правните лица кои го тужеле јавното претпријатие по разни основи и тоа вработените по основ на неисплатени плати, хранарини, превоз, придонеси и даноци од плати, добавувачите за набавени стоки и услуги, управата за јавни приходи за неисплатени обврски за даноци на додадена вредност и по други основи. Избегнувањето на вршење платниот промет преку носителот на платен промет влијае на зголемување на обврските на јавното претпријатие на име камати, а со тоа зголемување на трошоците и продлабочување на негативниот финансиски резултат-загубата.

10.2.3. Јавното претпријатие нема воспоставено сметководствени политики за: начинот на фактурирањето за закупот на спортски објекти, обезбедување на побарувањата, соодветно евидентирање на побарувањата по овој основ, следење на нивната наплата и превземање на соодветни мерки за наплата, заради што истото се врши неажурно и ненавремено, без следење на промените настаните по склучувањето на договорите, односно склучени нови договори, раскинати договори, и промени на одредби од договорите по анекс договорите. Фактурирањето на месечни закупнина не се врши секој месец за секој корисник на закупениот спортски објект, при што на некои комитент се фактурира за следните 10 години однапред, за

други се фактурира во месец декември, ретроактивно за шест месеци, во една фактура, а во договорот со тој комитент е наведено дека договорот ќе се раскине доколку истиот не изврши плаќање на закупнината за два месеци последователно. Неажурното и ненавременото евидентирање и фактурирање без почитување на одредбите од договорите за закуп е спротивно на Законот на трговски друштва и Меѓународните сметководствени стандарди, бидејќи необезбедувањето на уредна документација, како основ на евиденцијата влијае на нереално и необјективно искажување на позицијата на побарување од купувачите во земјата во Билансот на состојба.

10.2.4. Јавното претпријатие не обезбедило доследно почитување на Законот за платен промет, заради што се констатирани следните неправилности при благајничкото работење и тоа:

- се врши надминување на благајничкиот максимум утврден со Одлуката број 02-225 од 28.02.2002 година, во висина од 100 илјади денари, а надминувањето достигнува и до износ од 696 илјади денари, колку што е салдото на дневникот на благајната од 01.07 до 31.07.2005 година,
- се врши исплата по сметко потврди за ист предмет на набавка, од ист добавувачот, со иста дата со што се врши делење на набаваката, а збирниот износ на сметкопотврдите е над дозволениот износ за набавки во готово од 100 евра,
- се вршат исплати по сметко потврда, над износот дозволен за исплата во готово од 100 евра,
- се врши наплата на побарувањата од купувачите во готово, без уплата на примените паричните средства на сметката на јавното претпријатие (освен уплатите на сметката од подружница Велес),

Непочитувањето на одредбите од наведениот закон како и на интерниот акт, придонесува кон зголемување на можноста од злоупотреба на паричните средства, и нивно ненаменско и незаконско користење.

10.2.5. Јавното претпријатие нема пропишани соодветни политики за начинот на евидентирање, издавање и признавање на набавениот ситен инвентар (мобилни телефони, и друго) на трошок. Во моментот на набавката, целокупниот износ се евидентира на трошок, при што не е обезбедена евиденција за нивната употреба, односно не се врши задолжување на лица со реверси, што е спротивно на член 472 од Законот за трговските друштва и Правилникот за содржината на одделните сметки во сметковниот план. Непридржувањето кон наведените законски прописи и непропишувањето на соодветни политики и начела овозможува појава на неправилна и нерационална употреба на ситниот инвентар.

**Препораки и мерки:**

1. Да се превземат активности за пропишување и имплементирање на сметководствени политики, како и да се обезбеди континуирана едукација на вработените во одделението за сметководство од областа на МСС и МСФИ, кое ќе претставува основа за изработување на финансиските извештаи согласно барањата утврдени во наведените стандарди.

2. Да се воспостават сметководствени политики за евиденција на обврските по судски извршни решенија за да се планираат средства и изврши наплата на истите, намалување на обврските на име камати.

3. Да се обезбеди ажурно, навремено фактурирање со почитување на одредбите од договорите за да искажаните износи на сметката побарување од купувачите значат реално и објективно искажување на позицијата побарувања од купувачите.

4. Јавното претпријатие да пропише соодветни политики и начела на обезбедување на побарувањата и следење на нивната наплата, превземање на соодветни, навремени и интензивни мерки за наплата на побарувањето, раскинување на штетните договори и враќање во свое владение на објектите за спорт од закупувачите кои не ги почитуваат одредбите од потпишаните договори.

5. Да се врши доследно почитување на одредбите од Законот за платен промет, кое ќе овозможи непостоење на злоупотреба, како и законско и наменско работење со паричните средства.

6. Јавното претпријати да воспостави соодветни сметководствени политики и начела за евидентирањето, издавањето и признавањето на ситниот инвентар како трошок и обезбедување на законско и наменско располагање со истиот од страна на вработените.

10.3. **Неправилности во искажувањето на позициите во Билансот на состојба**

10.3.1. Јавното претпријатие нема извршено попис на средствата, изворите на средствата, побарувањата и обврските со состојба 31.12 за 2004 и 2005 година, освен извршениот попис во главната благајна со состојба на 31.12.2005 година, констатирано по записникпт број 03-10 од 04.01.2006 година. Последниот реализиран попис е со состојба 31.12.2003 година, за кој, Централната пописна комисија изготвила извештај усвоен од управниот одбор со одлука број 02-360 од 26.02.2004 година. Во извештајот, централната пописна комисија, констатира дека „комисијата за попис на основни средтсва не ја има во потполност довршено работата бидејќи не обезбедила документација за потеклото на средствата и за имотно – правната состојба, и дека некои корисници на објектите – закупувачи, не испратиле пописни листи, па состојбата е земена према претходните пописи“. Централната пописна комисија во извештајот предлага „да се избере комисија за попис на основните средства, од стручни лица, со трајна задача во текот на целата 2004 година да ги расчисти состојбите на средствата по количина, локација, поткрепеност со соодветна документација, функционалност, истрошеност и потреба од отпис“. Исто така во извештајот е наведено дека „пописот на ненаплатените побарувања од купувачите е извршен према книговодствената документација, а попис со оцена на спорни, застарени и утужени побарувања и обврски не е направен“. На ревизијата не е даден акт за реализција на констатациите/предлогот на централната пописна комисија. Не вршењето на попис на средствата и изворите на средства за 2004 и 2005 година, не обезбедената документација за потеклото и имотно-правната состојба на постојаните средства, е спротивно на член 9 од Правилникот на начинот и роковите за вршење на попис и усогласување на сметководствената со фактичката состојба и Законот за трговски друштва согласно кој евиденцијата треба да биде заснована на веродостојна и уредна документација. Непочитувањето

на наведените законски акти придонесува кон ограничување на делокругот на ревизијата и потврдување на објективноста и реалноста на искажаните позиции во Билансот на состојба во делот на нето вредност на постојаните средства во вкупен износ од 221.554 илјади денари и искажаниот износ на финасискиот резултат-загуба заради неможноста за потврдување на точноста на искажаниот расход за амортизација во вкупен износ од 55.491 илјади денари за 2005 година.

10.3.2. Јавното претпријатие во своите трговски книги на позицијата побарувања од купувачите во земјата искажува вкупен износ од 101.655 илјади денари, кои се однесуваат на побарувања по основ на договори за закупнина на цели спортски објекти, закупнина на делови на објекти, за рекламирање, за реакреација, за манифестации во спортските објекти и за друго. При увидот во основот на евиденцијата на овие побарувања се утврдени следните неправилности и тоа:

- 60% од вкупниот износ на побарувањата, односно 60.734 илјади денари потекнуваат од претходни години (2002, 2003 , 2004 ….), а за дел од истите, уште при пописот за 2003 година, не е извршен попис со оценка на застарени, тужени, односно сомнителни и спорни, побарувања, а утужувањето на ненаплатените побарувања започнува од месец март 2005 година,
- договорите за закуп на спортски објекти се склучуваат без одлуки од управниот одбор, без објавување и овозможување учество на сите заинтересирани лица, без критериуми за избор на закупувачите, без унифицираност на основните елементи од договорите, и без согласности од основачот,
- склучувани се договори за закуп на цели спортски објекти за временски период и од над 30 години, по минимални цени на закупнини и без согласност од основачот за ценовникот на услугите, и без гаранција за наплата на закупнините,
- присатна е појава на пререгистрирање на правни лица, со кои јавното претпријатие има склучено договори за закуп, и од кои има ненаплатени побарувања. По пререгистрацијата јавното претпријатие склучува нови договори со новиот правен субјект, без превземање на мерки и активности за наплата на ненаплатените побарувањата.

Невршењето попис на застарени, тужени, односно сомнителни и спорни, и побарувања за повеќе години нананазад, значи и не превземени активности за пропишување, донесување и имплементирање на политики за начинот на постапување и искажување на застарените, тужените, односно сомнителните и спорни побарувања од купувачите во земјата, што е спротивно на Законот за облигациони односи и МСС 18 Приходи и на Рамката за подготвување и презентирање на финансиските извештаи. Сето погоре наведено влијае на стихијно работење при остварувањето на приходите и придонесува кон отсаство на заштита на имотот на јавното претпријатие и неможност од потврдување на реалноста и објективноста на искажаната состојба на сметката побарувања од купувачите во земјата.

10.3.3. Јавното претпријатие воспоставило пракса за давање под долгорочен закуп на цели спортски објекти на правни и физички лица со склучување на договори за закуп, кои не се унифицирани во поглед на

нивната форма и содржина, за времетраење на закупот во најголем дел 30 години, кои не содржат одредба со конкретна законска обврска дека по истекот на времетраењето на закупот спортскиот објект ќе се врати во сопственост на претпријатието, со закупнина која не е утврдена со посебен интерен акт, и која е различно определена во секој одделен Договор за закуп, и непостоење еднообразност во пристапот на давање во подзакуп на објектот на други подзакупувачи. Спортските објекти се даваат на користење врз основа на непосредна спогодба помеѓу Директорот на претпријатието и заинтересираниот закупец, без донесување на поединечна Одлука на Управниот одбор на претпријатието за секој пооделно склучен Договор за закуп, а и во најголем дел Договорите за закуп се склучени без нивна заверка пред нотар, што е спротивно на Законот за спорт, Законот за сопственост и други стварни права, Законот за облигациони односи и Законот за вршење нотарски работи. Ваквата состојба при склучување на Договорот за закуп со закупци на горенаведениот начин предизвикува во правниот промет да постојат и да произведуваат правно дејство повеќе активни Договори за закуп за ист спортски објект, без притоа да се има сознание од страна на јавното претпријатие кој го користи во дадениот момент соодветниот спортски објект, користење на спортскиот објект за неспортски активности. Исто така отсуството на добро водена евиденција и интерна контрола на сите склучени Договори за закуп од основањето на претпријатието до денес, може да предизвика значителна материјална штета на претпријатието, поради незаконско и ненаменско користење на средства. (Прилог број 1)

10.3.4. Во текот на ревизијата беа испратени конфирмации заради усогласување на побарувањата и обврските искажани во билансните позиции. Од вкупно испратените 102 конфирмации до исто толку коминтенти добиени се 25 одговори, што претставува 25% од вкупно испратените, од кои 1 е потврдена односно 4% од испратените, а 24 не се потврдени односно 96%, додека 77 воопшто не одговорија што претставува 75% од испратените конфирмации. Од претходното може да се констатира мал одзив на Вашите коминтенти кое оневозможува целосно да ја завршиме постапката на верификација на побарувањата и обврските по овие основи.

**Препораки и мерки:**

1. Јавното претпријатие да создаде услови и да обезбеди реализација за вршење попис на средствата, изворите на средствата, побарувањата и обврските на начин и во согласнот на законските прописи со цел да се обезбеди постоење на реални и објективни финансиски извештаи.
2. Јавното претпријатие да превземе мерки и активности за надминување на неправилностите во однос на основот на евидентираните побарувања од купувачите и да обезбеди:
    - попис на истите, со оценка на застарени, тужени, односно сомнителни и спорни побарувања, наплата на ненаплатените побарувања и за истите за кои ќе оцени дека се ненаплатливи да предложи на надлежниот орган да донесе соодветен акт за отпишување на истите во согласност со Законот за облигационите односи.
    - склучување на договори за закуп врз основа на одлуки од управниот одбор, учество на сите заинтересирани лица, критериуми за избор на закупувачите, унифицираност на елементите од договорите, и со согласност од основачот,

- надминување на практиката на склучување на договори за закуп на цели спортски објекти за временски период и од над 30 години, по минимални цени на закупнини, со согласност од основачот за ценовникит на услугите, и постоење на гаранција за наплата на закупнините,
- да не склучува договори за закуп со правни лица кои се пререгистрирале, а не ги подмириле обврските кон јавнотот претпријатие.

3. Јавното претпријатие да превземе активности за усогласување на меѓусебните побарувања и обврски со комининтентите.

10.4. **Ненаменско и незаконско користење на средствата**

10.4.1. Врз основа на Одлуката за расход и отуѓување на основни средства број 02-1454/1 од 03.10.2005, донесена од Управниот одбор, комисијата за расход објавува интерен оглас број 03-183 од 08.02.2006 година за отуѓување на пет возила. Од страна на тричлената комисија е изготвен записник број 03-248/1 од 22.02.2006, врз основа на отварањето на добиените понуди, и избрани се најповилните поинудувачи, за пет возила, без да се наведат лицата чии понуди се избрани како најповилни. Претседател на споменатата комисија е заменик директорот, кој доставил понуда број 03-195/1 од 10.02.2006 година, за едно возило произведено во 2000 година - Шкода Фелиција тип ЛХ/1.9 Д, за кое склучил договор за купопродажба и за кое му е фактуриран износ од 37 илјади денари, (сегашна вредност на возилото е 39 илјади денари), а побарувањето до денот на вршењето на ревизијата не е наплатено. Директорот донел три решенија за отуѓување на три моторни возила, и тоа за Хјундаи Тико СЛ - произведено во 1996 година, Хјундаи Акцент тип „1.3 ГЛ - произведено во 2000 година, и Шкода Фелиција тип ЛХ/1.9 Д- произведена во 2000 година, и во сите се споменува записник од комисијата за расходување и отуѓување на основни средства број 03-226 од 20.02.2006 година, за кој не е најден примерок-копија во јавното претпријатие и не е даден на увид на ревизијата, и покрај тоа што е заведен под наведениот број и дата. Исто така директорот склучил договори со физички лица, за продажба на возилата наведени во решенијата и на истите е фактурирано по износи од записникот, решенијата, и договорите. Побарувањата по фактурите за возилата Тико СЛ - произведено во 1996 година и возилото Хјундаи Акцент тип „1.3 ГЛ - произведено во 2000 година се наплатени во готово во 2006 година во вкупен износ од 52 илјади денари. За овие возила, лицата кои ги купиле дале изјави дека возилата се кај нив и тоа изјава број 03-1275 од 05.12.2006 од В.Т. вработен во јавното претпријатие и изјава број 03-1287 од 06.12.2006 година од Н.М. порано вработена во јавното претпријатие. Возилата Застава тип 128/1100, произведено во 1987 година и возилото Застава тип Југо корал 45, произведено во 1990 година веќе не се наоѓаат кај јавното претпријатие, не се фактурирани, се во одлуката за расход и отуѓување (во која се наведени пет возила за расход), истите не се наведени во интерно објавениот оглас, но според записникот, за нив се доставени понуди и се избрани најповолни понудувачи. Начинот на спроведувањето на расходот односно отуѓувањето на возилата создала можност за стекнување на имотно правна корист на поединци, конфликт на интереси и злоупотреба на службената должност од страна на заменик

директорот, и не обезбедување од страна на одговорните лица заштита на имотот на јавното претпријатието.

10.4.2. Јавното претпријатие во текот на 2005 година, ангажира физички лица по Договор на дело чиј број од месец во месец е променлив, односно се движи од 6 до 12 лица, за кои се пресметани и исплатени обврски од 1.443 илјади денари во нето износ односно во бруто 1.568 илјади денари. Ангажирањето на физичките лица е без постоење на акт за потребата од дополнителна работна сила, пропишани критериуми за избор, начин и динамика за вработување на физичките лица, што е спротивно на одредбите на Законот за облигационите односи и Законот за работните односи, а воедно се вработуваат лица на работни места кои не се предвидени односно недоволно планирани во Правилникот за организација и систематизација на работни места, и тоа за работно место обезбедување на директорот на претпријатието, и советник на директорот на претпријатието. Со ова се предизвикува можност од злоупотреба при ангажирањето на наведените лица, ненаменско користење на средствата, неостварување на правата од работниот однос (социјално и пензиско осигурување) неовозможување подеднаква можност на ангажирање на сите заинтересирани невработени лица и вработување на лица на работни места кои не се предвидени односно планирани со помал број на вработени во Правилникот.

10.4.3. Јавното претпријатие 64% од вкупно остварениот прилив/одлив на парични средства од 17.078 односно 17.156 илјади денари, во 2005 година, го реализира во готово, преку благајната, а 36% преку носител на платен промет. Релизираниот промет во готово, преку благајната односно приливот/одливот во вкупен износ од 10.976 односно 10.977 илјади денари е проследен со низа неправилности и тоа:

- реализиран е прилив од 9.752 илајди денари од наплатени побарувања од купувачите по каси прими, во кои не секогаш се назначува бројот на фактурата, и на договорот, периодот за кој се однесува плаќањето, и од кого е извршено, заради што е оневозможено следењето на динамиката на наплата по закупувач, како и потребата од фактурирање,
- реализиран е одлив од 9.952 илјади денари, од исплатени аванси на вработените по разни основи, и тоа аванси за нето плати, хранарина, превоз, регрес за годишен одмор, хуманитарна помош на лица по список - од редот на вработените, за службен пат, аванси за лицата ангажирани по договори за дело и друго, и одлив во износ од 486 илјади денари за платени обрски кон добавувачите. Испалатата на аванси за нето плата, хранарина, превоз и службен пат се врши во паушални износи, без веродостојни и уредни сметководствени документи за висината на истиот по вработен, а некои исплати се по списоци на вработени кои не содржат опис на намената на исплатениот аванс (нето плата, хранарина, превоз) ниту содржат податоци за периодот-месецот и годината за која се извршува исплатата, што е особено важно во услови на постоење прекин во редовна исплата на споменатите надоместоци. Динамиката на исплата на заостанати плати преку исплатени аванси, не е иста за секој вработен, бидејќи одредени вработени добиваат аванси за нето плати во минимални паушално одредени износи еднаш во месецот за

еден месец заостаната неисплатена плата, а други добиваат еднократна исплата и од 99 илјади денари, со назнака заостанати плати без назначување на периодот (месецот и годината) на кој истата се однесува. Затварањето на побарувањата по аванси се врши со пребивање на пресметаните обврски за вработените по разни основи, без постоење на акт за основот на евиденцијата.

Работењето во готово во обем од 64% од вкупно остварениот промет на парични средства, без внесување на истиот на сметката кај носителот на платниот промет, е спротивно на Законот за платен промет, а непостоењето на уредни и ажурни документи за истиот, е спротивно на Законот за трговски друштва и МСС, со што се врши ненаменско и незаконско работење и располагање со парични средства со постоење на ризик од злоупотреба.

10.4.4. Јавното претпријатие воспоставило пракса на потпишување на компензации, цесии и асигнации за наплата/плаќање на побарувањата/обврските при што на овој начин, во текот на годината, се наплатени 48% од вкупните побарувања од купувачите, односно 20.011 илјади денари и платени 63% од вкупните обврски кон добавувачите, односно 16.517 илјади денари. Ваквиот начин на работење е проследен со следните неправилности и тоа:

- јавното претпријатие во текот на 2005 година воспоставило пракса на континуирано склучување на договори за давање на безкаматни позајмици на ДППУ Слога Југомагнат – МР ДООЕЛ увоз – извоз Скопје во вкупен износ од 2.734 илјади денари и покрај ненавременото враќање на истите од страна на заемопримателот, односно вратени 44% од вкупно дадените позајмици или 1.195 илјади денари. Договорите за безкаматни позајмици се склучени без одлука на управниот одбор, без согласност од основачот што е спротивно на член 11 од Законот за јавни претпријатија и на Член 26 од Сататутот на јавното претпријатие и без донесен финансиски план за годината кога позајмиците се дадени. Истовремено, со склучувањето на договорите се склучуваат и договори за цесија во износи идентични со дадените позајмици. При ова отстапувач на побарувањата е јавното претпријатие, примач е Слога Југомагнат, а како должници се јавуваат 5 правни лица, кои не ги измириле долговите по основ на закуп кон јавното претпријатие. Заемопримателот враќањето на позајмицата го извршува со уплати во гототво во благајната што е спротивно на Законот за платен промет. Ваквиот начин на давање/враќање на позајмици придонесува кон непочитувањето на наведените законски и интерни акти, пречекорувањата на овластувањата од страна на директорот, евидентирање на наплата на побарувања за сметка на создавање на нови побарувања по основ на дадени позајмици, неуплатување на вратениот износ на сметка, и необезбедување од ризикот за неисполнување/невраќање на позајмените средства,
- потпишан е договор за цесија број 03-1431 на ден 27.09.2005 година, во кој должник е АД Полет Скопје за дел од фактура за закуп за тринаесет месеци и тоа од 01.07.2013 до 01.08.2014 година во износ од 599 илјади денари. Отстапувач на побарувањето е јавното претпријатие, а примач е Интекс Комерц БК Скопје. Цесијата е евидентирана на ден 30.09.2005

година, со задолжување за аванс на лицето Т.Д. од Штип, заменик директор на јавното претпријатие за износ од 599 илјади денари на позицијата останати побарувања од вработените и останати неспомнати краткорочни побарувања, и затварање на побарувањето од споменатиот должник. Заменик директорот во известувањето број 03-1397/1 од 19.09.2005 година до јавното претпријатие, наведува дека е склучен договор за отстапување на побарувањата со кој тој, како отстапувач и Интекс Комерц БК Скопје како примач на побарувањето се договорија отстапувачот да ги отстапи своите побарувања врз основа на судска пресуда Прс. Бр.126/05 од 14.06.2005 година од Основен суд Штип, во вкупен износ од 599 илјади денари од јавното претпријатие, за главен долг во износ од 490 илјади денари, за неисплатени нето плати и хранарини и камати во износ од 109 илјади денари. Јавното претпријатие пристапувајќи кон потпишување на цесијата во корист на заменик директорот овозможува брза наплата на побарувањето по судска пресуда, со што работодавачот врши дискриминација, ги става во нееднаква положба останатите вработени кои го тужеле јавното претпријатие, а извршните решенија чекаат наплата, која е неизвесна во услови на незаконско работење со сметката заради неуплатување на примената готовина кај носителот на платен промет,

- потпишан е договор за цесија број 03-917 на ден 29.06.2005 година во износ од 500 илјади денари, со должникот-цесусот Еуро бизнис центар АД Скопје со кој отстстапувачот-цедентот јавното претпријатие своето побарување врз основа на договор за закуп на спортската сала „Биљанини извори“ Охрид за организирање на летен панаѓур го отстапува на примачите-цесионерите, лица по список (вработени и по договор на дело). Составен дел на цесијата е списокот на 33 лица меѓу кои и на директорот на претпријатието, во вкупен износ од 500 илјади денари, кој не е потпишан од лицата и не е извршена исплата по износи наведени во истиот. Со ова се врши намалување на побарувањата од Еуро бизнис центар АД Скопје и исплата на име аванси на вработените по други списоци,
- јавното претпријатие врши плаќање на фактурите од Кошаркарски Клуб “МЗТ Јуниор“ - Скопје, со компензација бр.05-916 на име неплатени закупнини од Кошаркарски Клуб “МЗТ Јуниор“. Фактурите се однесуваат на извршени интервенции на Спортската сала Јане Сандански Скопје - менување на паркетот и корекции на трибина, во вкупен износ од 861 илјади денари од страна на Кошаркарскиот клуб со кој јавното претпријати има потпишано договор за закуп бр. 03-1340, за наведениот спортски објект. Плаќањето на фактурите и необезбедувањето на писмена согласност од закуподавачот е спротивно на член 9 од договорот, во кој се наведува дека сите градежни занаетчиски интервенции и адаптации на просторот закупувачот ги врши со свои средства, но само врз основа на писмена согласност од закуподавачот. Непочитувањето на одредбите од наведениот договор предизвикува незаконско и ненаменско користење на средствата во износ од 861 илјади денари.

Ваквата состојба предизвикува, избегнување на внесување на наплатените побарувања кај носителот на платниот промет, пренесување на побарувањата од едно на друго правно лице и

менување на основот на побарувањето, од побарување од купувачите во земјата во побарување за дадени позајмици и кредит, ставање во нерамноправна положба на вработените кои побаруваат од јавното претпријатие по основ на поднесени тужби, и евидентирање на цесија без постоење на целосни, комплетни и уредни документи, и вршење плаќање по фактури, спротивно на одредбите од договорот е спротивно на Законот за платен промет, Законот за работни односи, Законот за трговски друштва и МСС и Законот за облигациони односи.

10.4.5. Јавното претпријатие го ангажира лицето Д. Х. по договори за дело за период од три месеци по секој договор, и тоа од 17.03.2003 година до 20.06.2005 година, при што во првите три месеци е ангажиран за извршување на работни задачи на работно место архивар, а потоа на работно место ВД Директор во секторот за развој, маркетинг и комерцијални работи. Наведеното лице извршило наплата на побарувања од купувачи во готово во вкупен износ од 611 илјади денари по каси прими потпишани од него, кои не ги доставил во сметководството, а паричните средства не ги уплатил во благајната или на сметката на претпријатието. За ваквата состојба писмено е известен генералниот директор, и тоа со писмо број 03-929 од 01.07.2005 година и писмо број 03-1480 од 06.10.2005 година. Констатираната состојба по првото известување е утврдена по усогласувањето на сметководствената евиденција со двајца купувачи и утврдените разлики во износ од 349 илјади денари, за кој износ е задолжено спomenатото лице на позицијата останати побарувања од вработените и останати неспомнати краткорочни побарувања, на име исплатени аванси. Во истиот налог за книжење авансот е раздолжен за износ од 241 илјада денари без веродостојни документи (со каси прими на име Д.Х. и каси исплати на има на двајца вработени и каса исплати во износ од 185 илјади за исплата на 37 вработени по список), без уплата на пари во благајната. Второто известување е врз основа на извршениот попис од страна на комисијата за попис и разврстување на документацијата формирана од страна на генералниот директор со Решение број 04-1429 од 27.09.2005 година и изготвениот записник од истата број 03- 1468 од 03.10.2005, при што се најдени кочани каса прими за извршена наплата во готово во вкупен износ од 265 илјади денари од шест купувачи. За износ од 230 илајди денари е задолжен Д.Х. на име земен аванс, евидентиран на позицијата останати побарувања од вработените и останати неспомнати краткорочни побарувања. Вкупно исплатен износ на Д.Х., на име аванси, е во износ од 631 илјада денари од кои 322 илјади денари се затворени со пребивање на обврските за надомест по договор за дело во ист износ, а за износ од 59 илјади денари, лицето не се раздолжило до 31.12.2005 година, а веќе не е ангажирано по договор на дело ниту се вработило во јавното претпријатие. Вршењето на наплата на побарувањата од купувачите во готово, а не преку носителот на платен промет, особено од страна на лице ангажирано по договор на дело, овозможило стекнување со имотна корист во износ од 673 илјади денари, и нанесување на материјална штета на јавното претпријатие.

10.4.6. Директор на претпријатието С. Б. донел решение број 04-599 на 20.05.2005 година за користење на приватни моторни возила за службени потреби, без точно прецизирање за кои возила се оденсува истата. Врз основа на одлуката, во текот на 2005 година е извршена

исплата на расходи во износ од 117 илјади денари, евидентирани на сметката моторен бензин и дизел гориво. Донесување на наведеното решение од страна на директорот на претпријатието, е спротивно на Законот за јавни претпријатија и Статутот бидејќи, одлучувањето за употребата на средствата остварени со работењето на претпријатието е во надлежност на управниот одбор, а не постапувањето по истото значи ненаменска и незаконска исплата на средства во износ од 117 илајди денари.

10.4.7. Јавното претпријатие нема пропишано и донесено соодветни акти за начинот на задолжување и користење односно утврдување на дозволениот лимит на направени трошоци по корисник за користење на мобилни телефони, при што во сметководствената евиденција се искажани трошоци за оваа намена во износ од 246 илјади денари. Отсуството на соодветен акт за утврдување и регулирање на соодветното право на користење го оневозможува следењето на законското и наменското трошење на средствата.

**Препораки и мерки:**

1. Надлежните органи при јавното претпријатие да превземат активности за пропишување на соодветни политики за начинот и постапката на продажба/отуѓување на имотот на претпријатието.

2. Надлежните органи при јавното претпријатие да пристапат кон спроведување на постапка за наплата на побарувањето, да превземат мерки заради злоупотреба на службената должност, и да превземат соодветни активности против лицата кои се стекнале со имотна корист на терет на јавното претпријатие.

3. Јавното претпријатие да обезбеди соодветно почитување на законските и интерните акти од обласа на ангажирањето на физички лица по договор за дело а потребата од нови вработувања да ја разреши во соработка со основачот (Владата на Република Македонија) и постојните законските акти за работни односи.

4. Јавното претпријатие да ја напушти воспоставената пракса на вршење на платниот промет преку благајна, односно да воспостави механизми за работење преку носителот на платниот промет.

5. Јавното претпријатие да пристапи кон потпишување на компензации, цесии и асигнации само во случаевите кога нивното потпишување нема да предизвика непочитување на одредени законски акти.

6. Јавното претпријатие да превземе соодветни мерки и активности за поведување на соодветна постапка против лицето Д.Х. и да обезбеди враќање на неосновано земените средства од истото.

7. Директорот на претпријатието да ја напушти праксата на донесување одлуки кои не се во негова надлежност со кои се овозможува незаконско и ненаменско користење на средствата.

8. Надлежните органи на претпријатието да донесат одлука за лимитирање на трошоците по корисник за користење на мобилни телефони.

10.5. **Ефекти од ревизијата**

Имајќи ги во предвид наодите изнесени во точките 10.1; 10.2; 10.3. и 10.4. предизвикуваат Јавното претпријатие да: го остварува своето работење без точно определување на спортските објекти дадени на користење, начинот на превземање на вработените и од кои работни организации ќе се превземат вработените, не ги извршува дејностите определени во законските и интерните акти, работи без функционирање на управниот одбор и одборот за контрола на материјално-финансиското работење, не донесе програма за работа и развој (инвестициона програма) од страна на управниот одбор, е одобрен расход и отуѓување на пет лесни моторни возила во услови на непостоење на архивирини записници од седниците на управниот одбор, односно не извршениот попис на постојаните средства за 2005 година, не дадена согласност од основачот за ценовникот за услуги во спортските објекти, не постоење на акт за назначување на овластен потписник за располагање со средствата на сметката, исплата на заостанатите нето плати во готово преку благајната без истовремено плаќање на придонеси за пензиско и инвалидско осигурување, на даноците и придонесите на име нето плати, потценување на приходите на Буџетот на Републиката за годината за која субјектот имал обврска да ги уплати соодветните даноци и придонеси од плати, недонесен соодветен акт од надлежните органи при Владата на Република Македониај за висината на нето платата на директорот, непочитување на одредбите од законот за јавни набавки, паушално утврдена нето плата на вработен, не пропишани сметководстени политики, невоспоставена евиденција на обврски по судски извршни решенија, неправилно фактурирање за закуп на спортските објети, непревземени мерки за наплата на побарувањата, необезбедени побарувања, непочитување на Законот за платен промет, невоспоставена сметководствена евиденција за набавениот ситен инвенатар, неизвршен попис на средствата, изворите на средствата, побарувањата и обврските со состојба 31.12 за 2004 и 2005 година, евидентирање на побарувања во износ од 60.734 илјади денари кои потекнуваат од претходни години без превземени мерки за попис на истите и определување на нивната староснa структура, непочитување на одредбите на законот за јавни набавки, незаконско и ненаменско користење на средствата, ангажирање на физички лица по договор за дело, и овозможување да поединци се стекнат со противправна имотна корист.

11. Според наше мислење поради значајноста на прашањата изнесени во точките 10.1. до 10.3. финансиските извештаи не ја претставуваат вистинито и објективно финансиската состојба на Јавното претпријатие за стопанисување со објекти за спорт во сопственост на Република Македонија под 31 Декември 2005 година, резултатите од работењето и паричните текови за годината која завршува со тој датум согласно важечката законска регулатива.

12. Според наше мислење поради значајноста на прашањата изнесени во точката 10.1. до 10.4. кај Јавното претпријатие за стопанисување со објекти за спорт во сопственост на Република Македонија не е остварено законското и наменското користење на средствата во финансиските трансакции за 2005 година.

13. Не изразувајќи резерва во нашето мислење, обрнуваме внимание на подолу наведената состојба:

13.1. Владата на Република Македонија во текот на 2006 година донела Одлуки за пренесување на сопственоста на недвижните ствари – спортски објекти од Република Македонија на општина Гевгелија број 19-1057/1 од 02.03.2006 година и на општина Гостивар број 19-1574/1 од 16.03.2006 година и Одлуки

за давање на користење на недвижни ствари спортски објекти во сопственост на Република Македонија на Општините Дебар, Кичево, Велес, Крива Паланка, Куманово, Неготино, Охрид, Радовиш, Струмица, Крушево, Кочани, Дебар и Штип и на Град Скопје за општините во негов состав, Карпош, Чаир, и Ѓорче Петров, донесени со Одлуки број 19-2832/1.....19-2832/22, од 07.06.2006 година, број 19-3401/1 од 25.07.2006 година, број 19-3340/1, 19-3400/1, 19-3403/1, 19-3401/1 од 24.07.2006, број 19-3607/1 од 09.08.2006, број 19-3755/1 од 24.08.2006 година. Горенаведените донесени одлуки се спротивни на член 63 од Законот за спорт бидејки стопанисувањето со објекти за спорт во сопственост на Република Македонија, го врши Јавното претпријатие за стопанисување со објекти за спорт во сопственост на Република Македонија. Прилог табела број 2.

13.2. Управниот одбор на јавното претпријатие на ден 08.11.2006 година, донел одлука заведена под број 02-1219 на 24.11.2006 година, за доставување на Предлог-Одлуката до Владата на Република Македонија, за престанување на важење на Одлуките за давање на користење на недвижни ствари-спортски објекти на градот Скопје и Општините, и истата е примена во Владата на ден 24.11.2006 година, со која се бара престанување на важењето на сите погоре наведени одлуки донесени од Владата на Република Македонија во текот на 2006 година. До денот на ревизијата, јавното претпријатие не добило писмено извесување/одговор за ставот на Владата во однос на наведената предлог одлука, освен донесените две одлуки од Владата на Република Македонија објавени во Службен весник на Република Македониај број 137 од 28.12.2006 година и тоа:

- Одлука број 19-6473/2 од 27.12.2006 година, за престанување на важење на Одлуката за давање на користење на недвижна ствар, број 19-2832/11 од 07.06.2006 година, објавена во „Службен весник на Република Македонија“ број 79/2006 година, со која недвижната ствар-објект спортска сала ДТВ Партизан, евидентирана во Поседовен лист бтој 8464 и КП. 12440 и била дадена на користење на општина Чаир,
- Одлука број 19-6473/3 од 27.12.2006 година, за престанување на важење на Одлуката за давање на користење на недвижна ствар број 19-2832/23 од 07.06.2006 година, објавена во „Службен весник на Република Македонија“ број 79/2006 година, со која недвижната ствар-објект спортска сала ДТВ Партизан со површина 9840 м2, корисна површина згр.1 згр. 2 од 2623 м2 лоцирана на КП бр.1227, запишана во Имотен лист бр. 4917 на ул. „Љубљанска“ му била дадена на користење на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ Скопје.

13.3. Јавното претпријатие без постоење на соодветен акт од надлежните органи во текот на 2006 година пристапува кон склучување на договори со општините Тетово, Прилеп и Битола, за давање на користење на недвижни ствари спортски објекти, поради што на ден 17.11.2006 година Управниот одбор ги донел долунаведените четири одлуки за поништување на четири договори, и тоа за:

- закуп на спортските објекти во Битола број 02-1178 од 17.11.2006 година, со која се поништува договорот за закуп на спортските објекти во Битола склучен на ден 01.06.2005 година во Скопје помеѓу јавното претпријатие, заведен во јавното претпријатие под број 03-700/1 од 01.06.2005 година и Друштвото за производство, трговија и услуги Веселинка Талевска С.Тома дооел од Битола,
- користење, управување и одржување на Спортската сала „Македонија“ Прилеп, со која се поништува договорот склучен на ден 16.06.2005 во Скопје помеѓу јавното претпријатие, заведена во јавното претпријатие под

број 03-827/1 на 16.06.2005 година и Трговско друштво за градежништво и трговија Прилепец увоз-извоз Прилеп АД, заведен под број 07-340/2 од 16.06.2005 година,

- закуп на спортски објекти во Тетово број 02-1178 од 17.11.2006 година, со која се поништува договорот за закуп на спортските објекти во Тетово склучен на ден 24.01.2006 година во Скопје помеѓу јавното претпријатие, заведен во јавното претпријатие под број 03-104 од 24.01.2006 година и Друштвото за производство, градежништво, трговија и услуги Билд-Интернационал Спорт дооел Експорт-Импорт од Тетово, заведен под број 0306/1 на 24.01.2006 година,
- начинот на користење на недвижни ствари број 02-1180 од 17.11.2006 година, со која се поништува договорот за начинот на користење на недвижни ствари склучен на ден 31.07.2006 година во Скопје помеѓу јавното претпријатие, заведена во јавното претпријатие под број 03-807/1 на 31.07.2006 година и Општина Тетово заведен под број 03-907/3 на 07.08.2006 година.

Исто така Управниот одбор на ден 08.12.2006 година, ја донел одлуката, заведена под број 02-1304 од 08.12.2006 година за поништување на договорот за закуп на Фудбалски стадион во Битола, со која се поништува договорот за закуп на Фудбалски стадион во Битола склучен на ден 15.05.2002 година во Скопје помеѓу јавното претпријатие, заведен во јавното претпријатие под број 03-598 на 15.05.2002 година и Фудбалски клуб „Пелистер“ од Битола, заведен под број 7/2002 година на 15.05.2002 година.

13.4. Јавното претпријатие работи во услови на континуирано искажување на негативен финансиски резултат-загуба и тоа почнувајќи од годината во која е основано, односно од 2000 – та година, при што за тековната година искажува загуба во износ од 43.281 илјади денари, пренесена загуба во износ од 150.981 илјади денари, т.е. вкупна загуба во износ од 194.262 илјади денари, и не е во состојба да го одржува својот капитал. Наведеното наметнува потреба да директорот, управниот одбор и основачот на претпријатието да превземат активности и мерки за утврдување на причините и одговорноста за остварените негативни резултати од работењето, да изработат, предложат и донесат соодветна програма и акт за надминување на наведената состојба и покривање на загубата на претпријатието.

13.5. Согласно известувањето број 03-789 од 19.07.2006 година, добиено од Комерцијална банка АД Скопје, Јавното претпријатие за стопанисување со објектите за спорт во сопственост на Република Македонија заклучно со 27.07.2006 година, по основ на судски извршни решенија пристигнати за наплата кај носителот на платниот промет, должи средства во вкупен износ од 22.758 илјади денари и тоа главен долг по разни основи (побарувања од вработените за неисплатени нето плати, придонеси и даноци од плати, хранарина, превоз, тужби од добавувачите, решенија од управата за јавни приходи за неплатени обврски за даноци на додадена вредност) во износ од 21.706 илјади денари, процесни трошоци во износ од 707 илјади денари и извршни трошоци во износ од 345 илјади денари.

14. Јавното претпријатие превземало соодветни мерки за утврдените состојби по Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за извршента ревизија на финансиските извештаи за 2001 година, освен за утврдената состојба во точките 11.1, 11.7 и 11.8.

**Скопје, 13.02.2007 година** **Овластен државен ревизор**

## БИЛАНС НА УСПЕХ ЗА 2005 ГОДИНА

во 000 Ден.

| ОПИС | 2005 | 2004 |
|---|---|---|
| Приходи од продажба | 7,068 | 9,531 |
| Останати деловни приходи | 45,334 | 29,556 |
| **Вкупни приходи од оперативно работење** | **52,402** | **39,087** |
| Материјални трошоци | 5,556 | 6,349 |
| Трошоци за бруто плати | 16,790 | 21,008 |
| Амортизација и вредносно усогласување на долгорочни средства | 55,591 | 62,956 |
| Останати оперативни трошоци | 14,833 | 16,528 |
| **Вкупно трошоци од оперативно работење** | **92,770** | **106,841** |
| Приходи од камати, курсни разлики и слични приходи | - | 1 |
| Расходи по основ на камати, курсни разлики и слични расходи | 2,913 | 906 |
| **ДОБИВКА/ЗАГУБА ОД РЕДОВНО РАБОТЕЊЕ** | **(43,281)** | **(68,658)** |
| **ДОБИВКА/ЗАГУБА ПРЕД ОДАНОЧУВАЊЕ** | **(43,281)** | **(68,658)** |
| **НЕТО ДОБИВКА/ЗАГУБА** | **(43,281)** | **(68,658)** |

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31 ДЕКЕМВРИ

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | 2005 | 2004 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Парични средства и хартии од вредност | 19 | 97 |
| Побарувања по основ на продажба | 60,039 | 54,318 |
| Краткорочни финансиски вложувања | 1,539 | 0 |
| Други краткорочни побарувања | 558 | 77 |
| **Вкупно тековни средства** | **62,155** | **54,492** |
| **Нетековни средства** | | |
| Нематеријални и материјални средства | 2,215,536 | 2,280,870 |
| **Вкупно нетековни средства** | **2,215,536** | **2,280,870** |
| **Вкупна актива** | **2,277,691** | **2,335,362** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Обврски спрема добавувачите | 14,297 | 16,685 |
| Краткорочни обврски спрема поврзани субјекти | 1,550 | 1,500 |
| Краткорочни обврски од финансирање | 500 | 500 |
| Останати краткорочни обврски | 39,563 | 33,623 |
| **Вкупно краткорочни и долгорочни обврски** | **55,910** | **52,308** |
| **Капитал и резерви** | | |
| Капитал | 2,416,043 | 2,434,035 |
| Пренесена загуба | 150,981 | 82,323 |
| Загуба за финансиска година | 43,281 | 68,658 |
| **Вкупно капитал и резерви** | **2,221,781** | **2,283,054** |
| **Вкупна пасива** | **2,277,691** | **2,335,362** |

## П Р Е Г Л Е Д
## ПРОМЕНИТЕ НА КАПИТАЛОТ И РЕЗЕРВИТЕ ЗА 2005 ГОДИНА

во 000 Ден.

| О П И С | Капитал | Акумулирана загуба | Загуба од финансиската година | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2005 година** | **2,434,035** | **(82,323)** | **(68,658)** | **2,283,054** |
| Одземени објекти - спортска сала Велес по судска пресуда | **(17,993)** | | | **(17,993)** |
| Пренесена загуба | | (68,658) | 68,658 | - |
| Загуба за финансиска година | | | (43,281) | **(43,281)** |
| **Состојба 31.12.2005 година** | **2,416,042** | **(150,981)** | **(43,281)** | **2,221,780** |

## ИЗВЕШТАЈ ЗА ПАРИЧНИОТ ТЕК ЗА 2005 ГОДИНА

| | во 000 Ден. |
|---|---|
| | **2005/2004** |
| **ГОТОВИНСКИ ТЕКОВИ ОД ОПЕРАТИВНО РАБОТЕЊЕ** | |
| **НЕТО ЗАГУБА** | **(43,281)** |
| Трошоци кои не повлекуваат користење на обртни средства: | |
| Амортизација | 55,591 |
| Ттрошоци од поранешни години и пресметани камати | 4,960 |
| Други приходи | (13,209) |
| **Готовински текови од работење** | **4,061** |
| Побарувања по основ на продажба | (5,721) |
| Краткорочни финансиски вложувања | (1,539) |
| Други краткорочни побарувања | (481) |
| Обврски спрема добавувачи | (2,388) |
| Краткорочни обврски спрема поврзани субјекти | 50 |
| Останати краткорочни обврски | 5,940 |
| **Нето готовински текови од оперативно работење** | **(78)** |
| **НЕТО ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ПАРИЧНИТЕ СРЕДСТВА** | **(78)** |
| **ПАРИЧНИ СРЕДСТВА НА ПОЧЕТОКОТ НА ГОДИНАТА** | **97** |
| **ПАРИЧНИ СРЕДСТВА НА КРАЈОТ НА ГОДИНАТА** | **19** |